ОКТА АД - Скопје

О К Т А Рафинерија на нафта
Акционерско друштво
Бр.0201-2718/16-10
31.05. 2016 год.
Скопје 1

# СТАТУТ

Мај, 2016

Врз основа на член 418 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на ОКТА АД - Скопје го утврди пречистениот текст на Статутот на ОКТА АД -Скопје.

Пречистениот текст на Статутот на ОКТА - АД Скопје ја опфаќа Одлуката бр.0201-2718/16-9 од 31.05.2016 за измени на Статутот на ОКТА АД - Скопје донесена од Собранието на акционерите на Друштвото на 26-от редовен состанок одржан на ден 31.05.2016 год.

# СТАТУТ
# НА ОКТА АД – СКОПЈЕ

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут, ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво Скопје (во натамошниот текст: Друштво) го усогласува своето работење со Законот за трговски друштва.

Член 2

Друштвото врши трговска дејност од областа на нафтената индустрија.

Друштвото се основа на неопределено време.

Друштвото може да престане со работа под условите и на начинот утврдени со закон и овој Статут.

## 2. ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО

Член 3

Друштвото работи под фирмата: ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво - Скопје.

Скратен назив на фирмата гласи: ОКТА АД – Скопје.

Во правниот промет со странство фирмата гласи: OKTA AD - Skopje.

Член 4

Друштвото има амблем.

Амблемот на Друштвото го определува Одборот на директори со одлука.

За одлуката од став 2 на овој член Одборот на директори го известува Собранието на Друштвото.

Употребата на амблемот ја определува Одборот на директори на Друштвото.

Друштвото има печат и штембил.

Големината на печатот и штембилот, нивната содржина, бројот и начинот на употреба, евиденцијата и нивното уништување се уредуваат со правилник кој го донесува Одборот на директори.

Член 5

Седиштето на Друштвото е во Скопје, улица 1 број 25 н.м Миладиновци-Општина Илинден.

Член 6

За промена на фирмата и седиштето одлучува Собранието на Друштвото на предлог на Одборот на директори.

## 2. ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

Член 7

Друштвото ќе ги врши сите дејности утврдени со Националната Класификација на Дејности (НКД), освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен или друг надлежен орган.

Друштвото ќе ги врши истите дејности и во надворешниот трговски промет.

Член 8

Дејностите за кои со закон е пропишано дека можат да се вршат само врз основа на согласност, дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган, Друштвото ќе започне да ги врши по добивање на соодветната согласност, дозвола или друг акт од тој орган.

Одлука за вршење на дејност од претходниот став носи Одборот на директори и за истата го известува Собранието на првата наредна седница.

## 3. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУШТВОТО

Член 9

Внатрешната организација на Друштвото ја утврдува Одборот на директори.

## 4. ЗАСТАПУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

Член 10

Друштвото го застапуваат извршните директори, во рамките на овластувањата утврдени со одлуката за именување и овој Статут.

Член 11

Извршните членови, заради извршување на овластувањата утврдени со закон и со овој Статут, назначуваат раководни лица кои ќе го вршат секојдневното водење на работењето на Друштвото во согласност со нивните одлуки, насоките и налозите како извршни членови на Одборот на директори.

## 5. ОСНОВНА ГЛАВНИНА, АКЦИИ И ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА АКЦИОНЕРИТЕ

Член 12

Основната главнина на Друштвото изнесува 43.273.710 ЕУР.

Член 13

Основната главнина на Друштвото е поделена на 846.360 акции во вредност од 43.273.710 ЕУР.

Обичните акции се изразени во ЕУР, но на пазарот во Република Македонија тие се продаваат и купуваат во денари.

Номиналната вредност на една обична акција изнесува 51,1292 ЕУР.

Член 14

Одлука за издавање на акции донесува Собранието на Друштвото, со мнозинство гласови кое што не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас, претставени на Собранието.

Член 15

Секоја акција која дава право на глас, дава право на еден глас во Собранието на Друштвото.

Секоја обична акција дава право на глас на Генералното Собрание.

Член 16

(се брише)

Член 17

Акционерот има право да пренесе акција без претходна согласност од Собранието на Друштвото или Одборот на директори.

Член 18

Акциите се издаваат, пренесуваат и се водат во форма на електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија (во натамошниот текст: Централниот депозитар за хартии од вредност), во согласност со Закон.

Член 19

Акциите се запишуваат во Книга на акции на Друштвото.

Друштвото ги забележува сите промени во Книгата на акции. На барање на Друштвото, Централниот депозитар за хартии од вредност ќе го извести Друштвото за промените во Книгата на акции.

Спрема Друштвото, за акционер се смета секое лице запишано во Книгата на акции на начин определен со Закон.

## 7. ЗГОЛЕМУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНА ГЛАВНИНА

Член 20

Зголемувањето на основната главнина на Друштвото може да се врши:

- Со влогови
- Со условно зголемување на основаната
- Со одобрен капитал
- Од средствата на Друштвото

Член 21

Основната главнина на Друштвото може да биде намалена со:

- намалување на номиналниот износ на еден или на повеќе родови и на класи на акции;
- спојување на еден или на повеќе родови акции;
- повлекување на сопствени и на други акции

Член 22

Одлуката за зголемување односно намалување на основната главнина се донесува со мнозинство гласови кој не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас-претставени на Собранието.

Член 23

Одборот на директори најмногу за пет години по уписот на основањето на Друштвото, односно за 5 (пет) години по уписот на одлуката за измена на Статутот во трговскиот регистар преку издавање нови акции врз основа на влогови во Друштвото, може да ја зголеми основната главнина до определен минимален износ (одобрен капитал).

Номиналниот износ на одобрениот капитал не може да ја надмине половината од основната главнина во времето кога е дадено овластувањето за условното зголемување на основната главнина.

Новите акции можат да се издадат само со согласност на мнозинството неизвршни директори на Одборот на директори.

## 8. СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО

### 8/1. Општи одредби за Собрание

Член 24

Акционерите своите права во Друштвото ги остваруваат на Собранието, освен ако со законот поинаку не е определено.

На секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот му припаѓа право на учество во работата на Собранието и право на глас, освен ако со законот поинаку не е определено.

Членовите на Одборот на директори учествуваат во работата на Собранието без право на глас, освен ако не се акционери.

Член 25

Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со закон и со овој Статут, а особено за:

1. измена на Статутот;
2. одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределба на добивката;
3. избор и отповикување на членовите на Одборот на директори;
4. одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори;
5. промена на правата врзани за одделни родови и класи акции;
6. зголемување и намалување на основната главнина на Друштвото:
7. издавање акции и други хартии од вредност;
8. назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи;
9. преобразба на Друштвото во друга форма на Друштво, како и за статусните промени на Друштвото и

10. престанување на Друштвото.

Собранието не може да одлучува по прашања од областа на управувањето, односно од областа на водењето на работењето на Друштвото што се надлежност на Одборот на директори, освен ако со законот поинаку не е определено.

**8/2. Свикување Собрание**

Член 26

Годишното Собрание го свикува Одборот на директори најдоцна три месеци по составување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работа на Друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеци од завршување на календарската година или 14 месеци од одржување на последното годишно Собрание.

Ако Одборот на директорите не го свика Собранието навреме, Собранието без одлагање го свикуваат неизвршните членови на Одборот на директори.

Ако годишното Собрание не го свикаат неизвршните членови на Одборот на директори или од било кои причини не се одржи во рокот определен во ставот 1 на овој член, одлука за свикување на годишното Собрание може да донесе судот по предлог на било кој акционер.

Член 27

Кога тоа го бара интересот на Друштвото и на акционерите, во времето меѓу две годишни собранија, може да се свика Собрание.

Одборот на директори односно неизвршните членови на Одборот на директори можат со мнозинство гласови од своите членови, кога тоа е предвидено со законот, по своја иницијатива или по барање на акционер, да донесат одлука за свикување Собрание.

Барање за свикување Собрание можат да поднесат акционери кои имаат најмалку една десеттина од сите акции со право на глас. Во барањето што го поднесуваат по писмен пат, акционерите кои бараат свикување Собрание мораат да ги наведат целта и причините за свикување на Собранието, своето име и презиме, местото на живеење и ЕМБГ, односно фирмата, седиштето и МБС ако акционерот е правно лице. Кон барањето акционерите доставуваат и извод од акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите со право на глас, кои што ги поседуваат во Друштвото.

Барањето се доставува до Одборот на директори во седиштето на Друштвото. Барањето може да биде содржано во еден документ или во два или повеќе документи потпишани од акционерите кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акции со право на глас.

Одборот на директори во рок од 8 дена од денот на приемот на барањето на акционерите за свикување на Собрание, донесува одлука за прифаќање или за одбивање на барањето. Во одлуката за одбивање на барањето мора да се наведат причините поради кои што е така одлучено.

Ако по барањето на акционерите кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас, Одборот на директори не свика Собрание во рок од 24 часа од денот на поднесување на барањето, акционерите може да поднесат предлог за свикување на Собрание до судот.

Член 28

Судот во рок од осум дена од денот на поднесувањето на предлогот од став 6 од претходниот член, донесува одлука за свикување Собрание ако се исполнети условите, утврдени во законот.

Собранието чие што свикување ќе биде наложено со одлука од ставот 1 на овој член се свикува најдоцна во рок од осум дена од денот на донесување на одлуката на судот со која што е наложено свикување на Собранието.

Трошоците за одржување на Собранието, како и судските трошоци, ако судот го одобри барањето, паѓаат на товар на Друштвото. Ако судот го одбие барањето, сите трошоци паѓаат на товар на предлагачот.

Член 29

Собранието на Друштвото се свикува со објавување јавен повик до акционерите не порано од 30 дена од денот на објавувањето до денот на одржувањето на Собранието.

Јавниот повик се објавува на огласните табли во Друштвото и најмалку во еден дневен весник.

Член 30

Собранието може да одлучува само за прашања кои што се уредно ставени на дневен ред.

Собранието може да расправа, без право на одлучување и за прашања кои што не се уредно ставени на дневен ред.

Секој акционер има право во кое било време да поднесува иницијатива за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на Собрание кое што ќе биде свикано.

Акционери кои заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат по писмен пат да бараат дополнување на дневниот ред со вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на Собранието кое што веќе е свикано.

Барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на Собрание кое што е свикано се испраќа до Друштвото во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за учество на Собранието.

Член 31

Секој акционер кој има намера да учествува на свикано Собрание е должен да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание. Списокот на пријавените акционери го подготвува лицето овластено за свикување на Собранието.

Списокот на пријавените акционери од ставот 1 на овој член се става на увид во седиштето на Друштвото.

Пред почетокот на одржувањето на Собранието, лицето овластено за свикување на Собранието го споредува списокот на пријавени акционери според состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на Собранието.

Пред почетокот на одржувањето на Собранието, списокот од ставот 3 на овој член го потпишува секој акционер, односно полномошник на акционер со што го верификува своето присуство на Собранието (верификуван учесник на Собранието). Потпишаниот список, со свој потпис, го

заверуваат претседавачот со Собранието и записничарот. По заверката на списокот претседавачот со Собранието го констатира кворумот за работа.

Заверениот список од ставот 4 на овој член им се дава на увид на сите учесници на Собранието пред првото гласање. Секој верификуван учесник на Собранието може да бара копија на потпишаниот список, на свој трошок, кој што не може да биде поголем од вистинскиот трошок.

Член 32

Секој акционер може да овласти, со полномошно, свој полномошник на Собранието (во натамошниот текст: полномошник).

Овластувањето на полномошникот од став 1 на овој член се дава со потпишување на писмено полномошно заверено кај нотар.

За полномошник не може да биде определен:

1. член на Одборот на директори или член на неговото потесно семејство;
2. раководно лице во Друштвото или член на неговото потесно семејство;
3. член на Одборот на директори од поврзани или зависни друштва со Друштвото;
4. застапник по закон или друго овластено физичко лице од Друштвото или од друго право лице што е во сопственост на Друштвото

Полномошното се издава и важи додека не биде отповикано.

**8/3. Одржување Собрание**

Член 33

Собранието може да работи (кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на Собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас.

Ако на Собранието не се обезбеди кворумот од став 1 на овој член Собранието не може да почне со работа. За време што не е подолго од 15 дена од денот за кој што е закажано одржувањето на Собранието кое што немало кворум за работа се закажува нов термин за одржување на Собранието (презакажано Собрание). Новиот термин за одржување на презакажаното Собрание се објавува на начин на кој што е објавено свикувањето на Собранието кое што немало кворум за работа.

Член 34

Одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието освен ако со законот и со овој Статут не е определено поголемо мнозинство или не се пропишани други услови во поглед на мнозинството со кое што се донесуваат одлуките на Собранието.

**8/4. Водење собрание**

Член 35

Со седницата на Собранието претседава претседавач. Претседавачот со Собранието го определува редоследот на работа и го одржува редот на седницата на Собранието.

Претседавачот со Собранието се избира за секое одделно Собрание.

Мандатот на претседавачот со Собранието трае до изборот на претседавачот на наредното Собрание кое што треба да биде одржано.

За претседавач со Собранието може да биде избран секој акционер или лице кое што застапува акционер. За претседавач со Собранието не може да биде избран член на Одборот на директори.

Член 36

За работата на Собранието се води записник.

Член 37

Собранието избира записничар и двајца акционери заверувачи на записникот, освен ако записникот не го води нотар. Собранието избира и комисија за спроведување тајно гласање и други физички лица (бројачи на гласови и друго) ако тоа е потребно за вршење други работи кои што го овозможуваат непреченото одвивање на работата на Собранието на начин и според услови определени со закон и со овој Статут.

Ако Собранието одлучува за промена на:

1. фирма и седиште на Друштвото;
2. предметот на работење на Друштвото;
3. износот на основната главнина и бројот на издадените акции;
4. вкупниот број на уплатени акции;
5. името и презимето на сите членови на Одборот на директори, нивниот ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта за странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето и МБС, ако член на Одборот на директори е правно лице;
6. времето на траење на Друштвото, ако Друштвото е основано на определено време;
7. овластувањата за застапување на членовите на Одборот на директори и на други лица овластени за застапувањето на Друштвото,

записникот го води нотар.

Член 38

Правото на глас се стекнува со целосна уплата на паричен влог, односно со целосно внесување непаричен влог.

Со давањето на акциите во залог акционерот не го губи правото на глас.

Член 39

За броењето на гласовите Собранието избира најмалку еден бројач на гласови.

За сите одлуки кои ги донесува Собранието гласањето на акционерите е јавно. По барање на еден или на повеќе акционери кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас, се пристапува кон тајно гласање.

Акционерите можат да гласаат на свикано Собрание преку телефон или преку друго соодветно електронско средство. Акционерот кој гласа преку телефон или преку друго електронско средство се смета за присутен на Собранието, односно го сочинува кворумот за работа и за одлучување на Собранието.

Ако на сигурен начин не може да се утврди идентитетот на секој акционер, начинот на воспоставување на комуникациска врска меѓу Друштвото и акционерот и ако гласањето не биде достапно на секој акционер и не може со сигурност да се евидентира кворумот и извршеното гласање, гласањето е ништовно.

Член 40

Одлуките на Собранието влегуваат во сила со денот на донесување, освен ако во одлуката не е утврден друг датум на влегување во сила.

Член 41

Секој акционер може на Собранието да бара известување за состојбата на Друштвото и за неговите односи со други друштва, ако известувањето е поврзано со точките на дневниот ред на Собранието.

**9. УПРАВУВАЊЕ СО ДРУШТВОТО**

**9/1. Општи одредби**

Член 42

Управувањето со Друштвото е организирано според едностепениот систем.

Друштвото има одбор на директори.

Член 43

Членовите на Одборот на директори ги избира Собранието со мандат од 6 години.

Одборот на директори има вкупно 7 (седум) членови, од кои 2 (два) се независни членови.

Од избраните членови за Одборот на директори, Одборот може да назначи до 3 (три) извршни членови на Одборот на директори.

Изборот на извршен член се врши со одлука на мнозинството од сите членови на Одборот на директори.

Член 44

Одборот на директори, од редот на своите неизвршни членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Одборот на директори, избира Претседател на Одборот.

Претседателот на Одборот на директори ги свикува и претседава со состаноците и е одговорен за водењето евиденција за состаноците.

Ако Претседателот од кои и да е причини не е во можност да ја врши функцијата Претседател или ако е отсутен, со состаноците на Одборот на директори претседава друг неизвршен член, со мнозинство гласови на присутните членови на Одборот на директори.

Член 45

Ако одделни членови на Одборот на директори престанат да ги вршат своите функции во текот на мандатот или ако се спречени да ги вршат, другите членови на Одборот на директори продолжуваат со работа до пополнувањето на испразнетото место.

Ако бројот на членовите на Одборот на директори се намали под бројот определен со Статутот, но не помал од 4 (четири) неизвршни членови, Одборот на директори може во рок од деведесет

дена од денот кога на членот му престанала функцијата, да го пополни неговиот состав со избор на вршител на должноста член на Одборот на директори, до наредното собрание. Донесените одлуки и преземените правни работи и дејствија од страна на Одборот на директори, остануваат полноважни.

Ако бројот на членовите на Одборот на директори се намали под 4 (четири) неизвршни членови, преостанатите членови на Одборот на директори мораат да свикаат Собрание за да се пополни составот на Одборот на директори.

### 9/2. Овластувања на Одборот на директори

Член 46

Одборот на директори управува со Друштвото во рамките на овластувањата определени со законот и овој Статут и овластувањата што изречно му се дадени од Собранието. Одборот на директори има најшироки овластувања во управувањето со Друштвото во рамките на предметот на работењето на Друштвото и во дејствувањето во сите околности од името на Друштвото, со исклучок на овластувањата што изречно им се дадени на извршните членови на Одборот на директори.

Во остварувањето на работите од став 1 на овој член Одборот на директори ги има следните овластувања:

1. ги донесува плановите и програмите на Друштвото и дава насоки за нивното спроведување;
2. ја утврдува внатрешната организација на Друштвото и одлучува за суштествени внатрешни организациони промени во Друштвото што се определуваат со акт на Друштвото;
3. одлучува за намалување или проширување на предметот на работење на Друштвото;
4. ја усвојува годишната сметка и го изготвува годишниот извештај за работењето на Друштвото во претходната деловна година и ги предлага на Собранието за одобрување;
5. го усвојува извештајот за попис на средствата и обврските;
6. одлучува за економски, технолошки и организационен вишок на работниците;
7. одлучува по приговорот на работниците како втор степен за правата, обврските и одговорностите на работниците од работниот однос;
8. одлучува за затворање или пренос на претпријатие или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на Друштвото;
9. одлучува за одобрување на секоја голема зделка којашто се однесува на имот чија што вредност е проценета над 20% до 50% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото;
10. одлучува за воспоставување на долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за Друштвото или за нејзино прекинување;
11. основање и престанување на трговско Друштво што учествува со над една десеттина во основната главнина на Друштвото;
12. одлучува за основање и престанување на подружници на Друштвото;
13. одлучува за основање на друштва и претставништва во Македонија и странство;
14. одлучува за учество во други друштва, во заеднички вложувања или во други правни субјекти без разлика на процентот на учество ;
15. ги донесува актите на Друштвото за кои постои законска обврска и
16. одлучува и за други прашања и врши и други работи утврдени со законот и овој Статут.

Актите на Одборот на директори кои се донесени надвор од надлежностите, односно овластувањата утврдени согласно со став 1 од овој член, го обврзуваат Друштвото во односите со трети лица, доколку не се докаже дека третото лице знаело дека актите ги надминуваат надлежностите, односно овластувањата, или дека тоа морало да го знае со оглед на сите околности.

Член 47

Неизвршните членови, покрај овластувањата што со закон им се определени во вршењето на правото на надзор над водењето на работењето од страна на извршните членови, имаат право да вршат увид и да ги проверуваат книгите и документите на Друштвото, како и имотот, особено благајната на Друштвото и хартиите од вредност и стока. Неизвршните членови за вршење одделни стручни работи од надзорот можат да задолжат кое било вработено лице во Друштвото или друго стручно лице.

Во вршењето на надзорот, Претседателот на Одборот на директори или кој било неизвршен член, овластениот ревизор или друго лице определено со Статутот или акционери кои претставуваат најмалку една десеттина од акциите со право на глас, можат да бараат свикување состанок на Одборот на директори. Барањето се доставува до Претседателот на Одборот на директори.

Член 48

Одборот на директори може да формира една или повеќе комисии од редот на своите членови и од други лица.

Комисиите не можат да одлучуваат за прашања што се во надлежност на Одборот на директори.

Член 49

Одборот на директори не може да ги пренесе врз извршните членови на Одборот на директори овластувањата кога се одлучува за:

1. за затворање (престанување) или пренос на претпријатие или на негов дел што учествува над 10% во доходот на Друштвото;
2. намалување или проширување на предметот на Друштвото;
3. суштествени внатрешни организациони промени на Друштвото што се определуваат со акт на Друштвото;
4. донесување општи акти чие што донесување не е во надлежност на Собранието, односно на извршниот директор;
5. воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за Друштвото или нејзино прекинување;
6. основање и престанување на трговско Друштво што учествува со над една десеттина во основната главнина на Друштвото и
7. основање и престанување на подружници на Друштвото.

**9/3. Одржување Одбор на директори**

Член 50

Одборот на директори одржува состанок кога тоа го налага извршувањето на работите во рамките на неговите надлежности, а во согласност со одредбите од законот.

Одборот на директори може да работи и да одлучува ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови, од кои бројот на присутните неизвршни членови на Одборот на директори мора да биде поголем од бројот на присутните извршни членови на Одборот на директори.

Одборот на директори одлуките ги донесува со мнозинство гласови од кворумот определен во претходниот став на овој член.

Гласот на Претседателот на Одборот на директори, а во негово отсуство на претседавачот кој е овластен од Претседателот да го заменува е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.

Одборот на директори работи и одлучува со и без одржување состанок, на начин определен со овој Статут и со неговиот деловник за работа.

Член 51

За работата на секој состанок на Одборот на директори се подготвува записник.

Записникот мора да се изготви во рок од три дена од денот на одржувањето на состанокот.

Член 52

Членот на Одборот на директори е должен овластувањата што му се дадени со законот и со овој Статут да ги врши во интерес на Друштвото и во интерес на сите акционери со внимание на уреден и совесен трговец и не може да ги пренесе своите овластувања на друг член на Одборот на директори.

Членовите на Одборот на директори се должни како деловна тајна да ги чуваат сите известувања и податоци што на кој било начин се однесуваат на работењето на Друштвото, а кои ги добиле како доверливи.

Обврската од став 2 на овој член трае и по престанувањето на мандатот во Одборот на директори.

Член 53

Извршните членови на Одборот на директори, најмалку еднаш во три месеца му поднесувааат на Одборот на директори пишан извештај за работењето на Друштвото, а по истекот на деловната година поднесуваат и годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на Друштвото.

На барање на неизвршните членови на Одборот на директори, извршните членови на Одборот на директори составуваат посебен извештај за состојбата на Друштвото или за некое прашање од неговото работење.

Во годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година Одборот на директори има обврска објективно да ги презентира и да ги објасни главните фактори и околностите кои што влијаеле на определувањето на работењето, вклучувајќи ги и промените во опкружувањето во чии што рамки Друштвото дејствува, одговорот на Друштвото на тие промени и нивното влијание, политиката на вложувања за одржување и за поддршка на успешноста во работењето на Друштвото, вклучувајќи ја и политиката на дивиденди, изворите на средствата на Друштвото, политиката на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина и политиката на управување со ризикот, големите зделки и зделките со заинтересирана страна, како и средствата на Друштвото чија што вредност не е одразена во билансот на состојбата според меѓународните сметководствени стандарди, изгледите за идниот развој на Друштвото и неговиот

деловен потфат, активности во сферата на истражувањето и развојот, како и информациите во врска со стекнувањето сопствени удели или акции во зависност од релевантните околности. Во годишниот извештај на Друштвото се објавуваат и примањата на секој извршен член на Одборот на директори и на член на Одборот на директори (плата, надоместоци на плата, бонус, осигурувања и други права), односно надоместокот на неизвршните членови на Одборот на директори.

Ако работата на целиот Одбор на директори или на некои членови на Одборот не биде одобрена на годишното собрание, Собранието може да одлучи да пристапи кон избор на сите членови или кон избор на нови членови на Одборот на местото на оние на кои Собранието не им ја одобрило работата. Собранието може да одлучи членовите на Одборот на директори на кои им ја одобрило работата да продолжат да ги вршат неодложните работи во Друштвото до изборот на полниот состав на Одборот на директори што се врши на продолжена седница.

**9/4. Отповикување и оставка**

Член 54

Собранието со мнозинство гласови од акциите со право на глас, претставени на Собранието, може да ги отповика сите членови на Одборот на директори, односно негов член и пред истекот на времето за кое што биле избрани.

Извршен член на Одборот на директори може да биде отповикан од страна на Одборот на директори во кое било време, со или без образложение. На отповиканиот извршен член му мирува својството на член на Одборот на директори до наредното собрание на кое што ќе се одлучи дали ќе биде отповикан пред истекот на мандатот за кој што е избран.

Член 55

Член на Одборот на директори може да поднесе оставка во кое било време со поднесување писмено известување до Собранието, освен кога интересите на Друштвото не наложуваат нешто друго.

Потписот на членот на Одборот на директори на известувањето за оставка се заверува кај нотар.

По поднесена оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање. Ако интересите на Друштвото го наложуваат тоа Одборот на директори може да го обврзе членот кој дал оставка да продолжи да ја врши функцијата се до изборот на нов член на Одборот на директори, но не подолго од шеесет дена. Се смета дека на членот на Одборот на директори му престанал мандатот со денот на поднесувањето на известувањето за оставката, во писмена форма, освен ако во известувањето не е наведен некој друг датум. Врз основа на известувањето за оставката, се поднесува пријава за бришење на уписот во трговскиот регистар на членот на Одборот на директори кој дал оставка.

**9/5. Награда**

Член 56

Собранието, со одлука, го определува месечниот паушал или паушалот по состанок на неизвршните членови на Одборот на директори. Неизвршните членови на Одборот на директори имаат право и на надомест на сите други трошоци (патни и други трошоци), право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција(користење работни простории, потребни средства за работа и друго).

Извршните членови на Одборот на директори, имаат право на плата, односно месечен надомест, право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, на надоместок на патни и на други трошоци и други права.

За работата на извршните членови на Одборот на директори Собранието може со одлука да им одобри и учество во добивката.

**9/6. Извршни членови на Одборот на директори**

Член 57

Со исклучок на овластувањата за кои што со закон изречно е определено дека ги врши Одборот на директори, извршните членови го водат работењето на Друштвото и имаат најшироки овластувања да ги вршат сите работи сврзани со раководењето, спроведувањето на одлуките на Одборот на директори и вршењето на тековните активности на Друштвото и да дејствуваат во сите околности во името на Друштвото.

Одборот на директори им го доверува на извршните членови застапувањето на Друштвото во односите со трети лица.

Одборот на директори во одлуката за назначување на извршните членови од член 43 на овој Статут ќе ги определи називите на извршните членови, ќе ги дефинира правата, обврските и одговорности за секој од нив поединечно, во рамките на законските овластувања, а особено ќе назначи кој извршен член ќе го води работењето на извршните членови, на чиј предлог Одборот на директори ја утврдува внатрешната организација и начинот на којшто се врши координацијата на водењето на работењето на Друштвото.

Одборот на директори поднесува пријава за упис во трговскиот регистар на извршните членови овластени за застапување на Друштвото. Пријавата ја потпишуваат сите членови на Одборот на директори, освен ако членовите не дале писмено овластување на извршен член на Одборот на директори да ја потпише пријавата.

**10. УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ ВО ДРУШТВОТО**

Член 58

Односите во Друштвото се уредуваат со овој Статут, правилници и со одлуки со кои се уредуваат општи прашања.

Член 59

Работните односи, платите и другите права од работниот однос се уредуваат со учество во склучувањето со претставниците на мнозинскиот синдикат на општиот и гранскиот колективен договор и колективниот договор на ниво на Друштвото, како и правилата, правилници и други општи акти кои ги склучува односно донесува Одборот на директори на предлог на извршните директори.

Член 60

Овој Статут е основниот акт на Друштвото.

Другите акти на Друштвото мора да бидат во согласност со овој Статут. Одредбите на другите акти кои се во спротивност со овој Статут не може да се применуваат.

Член 61

Измените и дополненијата на актите на Друштвото се вршат на начин и според постапка според која биле донесени.

Член 62

Актите на Друштвото влегуваат во сила со денот на донесувањето, ако со закон не е поинаку определено.

Ако актот согласно законот треба да се објави, објавувањето се врши на огласната табла на Друштвото.

Член 63

Толкувањето на актот на Друштвото го дава органот што го донел актот.

Актот за толкување на актите се објавува на начин на кој се објавуваат актите.

## 11. ИНФОРМИРАЊЕ, ДЕЛОВНА ТАЈНА И ЗАБРАНА НА КОНКУРЕНЦИЈА

Член 64

Сите податоци и извештаи кои Одборот на директори ќе определи дека се значајни за акционерите и Друштвото ќе бидат објавени на огласната табла на Друштвото или во соодветно гласило зависно од природата на податокот, односно извештајот.

Секој акционер има право на увид на актите и документите на Друштвото од член 319 од Законот за трговските друштва, во седиштето на Друштвото по претходна најава во периодот од објавата на повикот за Годишното собрание на акционери до денот на одржувањето на истото.

Член 65

Членовите на Одборот на директори и другите раководни лица и вработените во Друштвото должни се лојално да соработуваат.

Член 66

Како деловна тајна се сметаат исправите и податоците од работењето на Друштвото кои се определени со акт на Одборот на директори.

Член 67

Неовластено соопштување на деловна тајна претставува тешка повреда на работната обврска.

Член 68

Должноста за чување на деловната тајна трае 5 години и по престанувањето на работниот однос на работникот во Друштвото, односно од престанокот на Друштвото.

Член 69

Сите акционери и вработените во Друштвото се должни да го известуваат Одборот на директори за намерите да основаат претпријатие кое ќе врши иста дејност како Друштвото.

Член 70

Одборот на директори, може да склучи договор за условите под кои членовите на Одборот на директори можат да основаат друштва кои обавуваат иста дејност како Друштвото или на друг начин нелојално да ја конкурираат дејноста на Друштвото.

## 12. ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО

Член 71

Друштвото престанува со:

1. истекот на времето определено со овој Статут, ако Друштвото било основано на определено време;
2. одлука на Собранието за престанување на Друштвото донесена со мнозинство гласови кое што не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени на Собранието;
3. ако со правосилна одлука на судот се утврди ништовност на Друштвото и на уписот на Друштвото во трговскиот регистар;
4. присоединување, со спојување или со поделба на Друштвото со раздвојување со основање и со раздвојување со преземање и
5. стечај.

Намерата за бришење на Друштвото од трговскиот регистар, се објавува. Секое лице кое има правен интерес може да поднесе приговор, најдоцна во рок од триесет дена од денот на објавувањето на намерата за бришење на Друштвото.

Друштвото престанува без спроведување на ликвидација, освен ако во рокот од ставот 2 на овој член се покаже дека Друштвото има имот кој што треба да се подели и побарувања кои што треба да се намират. Во тој случај, се спроведува ликвидација, односно стечајна постапка. Ликвидаторите, на предлог на заинтересираните лица, ги определува судот.

## 13. ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ

Член 72

Статутот се менува со одлука за измена на Статутот.

Постапка за измена на Статутот може да покрене Одборот на директори, како и акционерите кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас. Иницијативата во форма на амандмани се доставува до Одборот на директори.

Предлог-одлуката за измена на Статутот во кој што се наведени предложените измени, без разлика на тоа кој ја дал иницијативата, го утврдува Одборот на директори. Утврдената предлог - одлука за измена на Статутот мора да биде образложена.

Член 73

Одлуката за измена на Статутот ја донесува Собранието.

Одлуката за измена на Статутот се усвојува со мнозинство гласови кое не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас претставени на Собранието.

Собранието со одлуката за измена на Статутот го овластува Одборот на директори да подготви пречистен текст на Статутот во кој што се внесуваат измените извршени со одлуката за измена на Статутот, како и одредбите на одлуките кои имаат карактер на одлука за измена на Статут утврдени со закон.

Член 74

Измената на Статутот влегува во сила со денот на донесувањето на одлуката за измена на Статутот, освен ако со одлуката за измена на Статутот не е определен друг датум на влегување во сила.

**14. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 75

Општите акти на Друштвото утврдени со овој Статут ќе се донесат во рок од 90 дена сметано од денот на неговото влегува во сила.

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престанува да се применува Статутот на ОКТА - АД Скопје бр.0201-3365/4 донесен со одлука бр.0201-3365/1 од 01.08.2013 година од Собранието на Друштвото.

До донесувањето на општите акти на Друштвото од став 1 на овој член, ќе се применуваат постојните општи акти на Друштвото, доколку не се во спротивност со одредбите на овој Статут.

Член 76

Овој Статут е напишан на македонски јазик и англиски јазик.

Член 77

Овој Статут влегува во сила со денот кога е донесена одлуката за негова измена.

Собрание на акционери на ОКТА АД - Скопје

Претседавач,

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво